Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ ЗАКОН
ЗА ПОДДРШКА НА НАСТРАДАНИТЕ ВО НЕСРЕЌАТА ВО ДИСКОТЕКАТА ВО КОЧАНИ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈЕСТВА,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 08. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2661/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на членовите на нивните семејства, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Весна [illegible]

Оливер Спасовски

Сања [illegible]

Благој Бочварски

СЛАВЈАНКА ПЕТРОВСКА

Митко Трајчулески

Горан Мисовски

Моника Зајкова

[illegible] Николовски

Сања Лукаревска

Трајчевска Јована

Даниела Николова

ФАТМИР БИТИЌИ

Миле Талевски

**В О В Е Д**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Трагичниот настан што се случи на 16 март 2025 година во Кочани каде изби пожар во дискотека и однесе 62 човечки животи, 59 ноќта на трагедијата и 3 неколку недели подоцна, над 200 лица повредени и остави трајни психолошки и социјални последици врз настраданите лица, нивните семејства. Овој настан ги истакна сериозните системски пропусти во доменот на безбедносните стандарди, инспекциски надзор и институционалната подготвеност за справување со вакви катастрофи.

Вакви трагедии не се изолирани ниту единствени во светот. Европа е сведок на слични настани кои послужиле како аларм за системски реформи. Така, во 2004 година, во дискотеката „Republik“ во Гетеборг, Шведска, пожар предизвикан од пиротехнички средства однесе 63 животи, главно млади лица. Во 2013 година, трагедијата во бразилскиот клуб „Kiss“ со 242 загинати по што следеше законски измени во Бразил и доведе до формирање на европски стандарди за безбедност во јавни објекти. Сличен пример е со пожарот во ноќниот клуб „Colectiv“ во Букурешт, Романија во 2015 година, каде загинаа 64 лица, 27 лица ноќта на трагедијата а останатите починаа неколку недели или месеци подоцна во болниците во Букурешт и во странство, додека 200 лица беа сериозно повредени, што резултираше со оставки на владини функционери и усвојување на нова регулатива за јавна безбедност и контрола.

Во сите овие случаи, заедничко беше недоволната имплементација на постојните законски прописи, непостоење на ефективни механизми за превенција и бавна или неефикасна институционална реакција. Наспроти тоа, Европската Унија преку директиви и препораки поставува високи стандарди за безбедност на објекти, ефикасна инспекција и итна поддршка на жртвите. Земјите - членки со различен степен на спроведување прифаќаат модели на компензација, психосоцијална поддршка и системски пристап во справувањето со последиците од вакви трагедии.

Следствено на изнесеното погоре, Република Северна Македонија е соочена со трагедија и има обврска да креира институционален одговор кој ќе биде сензитивен, итен и ефикасен, но и долгорочен. Овој Предлог закон за поддршка на настраданите лица во несреќата во дискотеката во Кочани има за цел да воспостави јасна, праведна и солидарна рамка за непосредна и долгорочна поддршка на жртвите и нивните семејства, преку дефинирани права, психолошка и социјална грижа, како и одговорност на институциите.

Законот е израз на правна, институционална и морална обврска на државата да реагира не само во моментот на трагедијата, туку и да вложи

напори за системска и законска превенција и грижа, базирана на домашни и меѓународни искуства и практики.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на овој закон е да обезбеди интегриран, правно заснован одговор на трагичната несреќа што се случи во дискотеката во Кочани, преку систематско уредување на мерките за поддршка на настраданите лица и нивните семејства. Законот ги поставува следниве клучни цели:

1. Гарантирање на правата на настраданите лица преку обезбедување правна сигурност и пристап до социјални, здравствени и финансиски права на жртвите и нивните најблиски, преку јасно дефинирани обврски на институциите.
2. Финансиска поддршка која се регулира преку уредување на механизми за еднократна и долгорочна парична помош, со јасни критериуми и постапка, со цел намалување на економските последици од трагедијата врз настраданите лица и нивите семејства.
3. Психосоцијална и здравствена поддршка која се состои во обезбедување бесплатна и навремена психолошка помош, психијатриско советување, рехабилитација и здравствени услуги, со вклученост на специјализирани тимови и професионалци.
4. Социјална инклузија и рехабилитација со промовирање на мерки за вклучување на преживеаните и нивните семејства во образовната, социјалната и економската област.
5. Институционална одговорност и координација преку воспоставување на меѓуинституционални механизми за итна реакција, транспарентност и отчетност на институциите во справување со последиците од вакви настани.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН**

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ПОДДРШКА НА НАСТРАДАНИТЕ ВО НЕСРЕЌАТА ВО ДИСКОТЕКАТА ВО КОЧАНИ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈЕСТВА

## ГЛАВА I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет на законот

Овој закон ги уредува правата, мерките и институционалните обврски за обезбедување на долгорочна поддршка на повредените лица во несреќата во дискотеката во Кочани, нивните семејства како и поддршка на семејствата на жртвите на несреќата. Законот опфаќа мерки од областа на финансиската и образовната поддршка и опфаќа мерки од областа на здравствената, социјалната и трудовата заштита.
Овој закон уредува воспоставување на координативна Комисија за проценка и следење на состојбите.

### Член 2
### Цел на законот

Целта на овој закон е обезбедување сеопфатна поддршка на повредените лицата од несреќата:

- пристап до здравствени и психолошки услуги;
- рехабилитација на настраданите лица и нивните семејства;
- социјална и економска сигурност за жртвите и нивните семејства и
- реинтеграција во образовниот и работниот процес.

### Член 3
### Дефиниции

Во смисла на овој закон:

1. „Настрадани лица“, се сите лица кај кои како директна последица од несреќата настапила смрт или лица кои претрпеле телесни, психолошки или психијатриски трауми, потврдени од надлежен здравствен орган.

2.„Повредени лица“,  се сметаат сите физички лица кои при директно присуство во несреќата во дискотеката во Кочани претрпеле телесни повреди, психичка траума или нарушување на здравствената состојба, без разлика на степенот на повреда, а чија состојба е потврдена со соодветна медицинска документација од надлежна здравствена установа. Во оваа категорија спаѓаат и лицата кај кои последиците од несреќата се појавиле одложено т.н. секундарна траума, доколку се утврди поврзаност со настанот од страна на стручна медицинска комисија
3.„Преживеани лица“, се лица кои биле физички присутни на местото на несреќата и/или непосредно изложени на нејзините последици.

4 „Жртви на несреќата” се починати лица кои го загубиле животот како директна последица на несреќата во дискотеката во Кочани.
5.„Семејства на настраданите лица“, се најблиските роднини: родители, деца, сопружници, вонбрачни партнери и старатели.
6.„Рехабилитација“, претставува организиран процес на медицинско, психолошко и социјално опоравување.
7.„Комисија за проценка и следење на на подршката (во понатамошниот текст Комисијата)“ е мултидисциплинарно тело формирано за проценка на индивидуалните потреби и следење на спроведувањето на мерките од овој закон.

ГЛАВА II

НАЧЕЛА НА ПОСТАПУВАЊЕ

Член 4
Начело на човечко достоинство

Секое лице има право на почитување на неговото човечко достоинство. Институциите се должни да постапуваат со емпатија и внимание кон сите настрадани лица и нивните семејства, без дискриминација по било која основа.

Член 5
Начело на еднаквост и недискриминација

Сите настрадани лица и нивните семејства погодени од несреќата имаат еднаков пристап до поддршката предвидена со овој закон, без оглед на пол, возраст, етничка припадност, верска определба или социјален статус.

Член 6
Начело на итност

Надлежните органи се должни да постапуваат без одлагање при одлучувањето за мерките од овој закон. Роковите за решавање на барањата не смеат да го загрозат закрепнувањето и достоинството на настраданите лица и нивните семејства.

Член 7
Начело на холистички пристап

Поддршката предвидена со овој закон се спроведува координирано, со земање предвид на физичката, психолошката, социјалната и економската состојба на настраданите лица и нивните семејства.

Член 8
Начело на транспарентност и отчетност

Комисијата и сите институции задолжени за спроведување на овој закон се должни да обезбедат јавност, отчетност и редовно информирање на засегнатите страни и јавноста.

Член 9
Начело на учество

Семејствата на настраданите лица имаат право да бидат информирани, консултирани и вклучени во процесот на одлучување кој ги засега нивните права и интереси.

ГЛАВА III

ВИДОВИ ПОДДРШКА

Член 10
Финансиска поддршка

(1) Семејството на секое лице кое го загубило животот како директна последица од несреќата има право на еднократен паричен надоместок за претрпена нематеријална штета (душевна болка), во висина од 80.000 евра во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.
(2) На сите настрадани лица им се покриваат трошоците поврзани со медицинско лекување во државата и во странство, пластични и естетски хируршки интервенции, долгорочна нега и асистивни помагала, превоз и сместување за повредените лица и едно придружно лице.
(3) Финансиска поддршка може да се додели и за адаптација на домот на лицето кое стекнало инвалидитет како последица од несреќата и за набавка на возило кои би се користело за нивна лична употреба со секојдневниот живот.
(4) Барањето за остварување на правото од ставот (1) на овој член се поднесува до Комисијата во рок од 3 месеци по влегувањето во сила на овој закон.
(5) За поднесување на барањето е доволно да аплицира еден член од семејството со прилог на потребна документација.
(6) Формата и содржината на барањето, како и потребната документација, ќе ги утврди Комисијата со посебен акт.

Член 11
Финансиска поддршка според степен на инвалидитет на повредените лица

(1) Лицата кои се здобиле со траен инвалидитет како резултат на несреќата имаат право на еднократен паричен надоместок, во висина пропорционална на утврдениот степен на инвалидитет, според следново:

100% инвалидитет – 5.000.000 денари
90% инвалидитет – 4.100.000 денари
80% инвалидитет – 3.700.000 денари
70% инвалидитет – 3.100.000 денари
60% инвалидитет – 2.800.000 денари
50% инвалидитет – 2.500.000 денари
40% инвалидитет – 2.200.000 денари
30% инвалидитет – 1.500.000 денари
20% инвалидитет – 1.200.000 денари

(2) Степенот на инвалидитет го утврдува надлежна здравствена комисија определена од Министерството за здравство.
(3) Барањето за остварување на правото се поднесува до Министерството за здравство во рок од 3 месеци од денот на утврдување на инвалидитетот.
(4) Лица кои веќе имаат остварено парична помош по друг основ имаат право само на разликата до износот утврден со овој член.

Член 12
Здравствена поддршка

(1) На настраданите лица и нивните семејства во несреќата им се гарантира приоритетен пристап до сите нивоа на здравствена заштита во земјата и во странство:
- државата обезбедува целосна покриеност на трошоците за лекување и лекови;
- рехабилитација (физикална, психолошка, психијатриска) во земјата и странство;
- пластични и естетски операции и
- медицински помагала/помагала за инвалидитет.
(2) Се обезбедува психолошка и психијатриска поддршка и за членовите на семејствата на повредени лица и жртви на несреќата.
(3) Министерството за здравство изготвува Протокол за итен пристап до услуги за оваа категорија.

Член 13
Образовна поддршка

(1) Сите повредени ученици и студенти во несреќата имаат право на настава од далечина (онлајн), индивидуализирана наставна програма, ослободување од приемни или матурски испити, дополнителни испитни рокови и можност за продолжено студирање без парични казни.

(2) Министерството за образование ќе назначи образовен ментор за секој ученик, кој ќе го следи неговиот напредок и ќе му пружи поддршка.
(3) На студентите во несреќата им се доделуваат стипендии до крајот на студиите.

Член 14
Социјална поддршка

(1) Лицата кои имат потреба од социјална поддршка согласно член 27 од Закон за социјалната заштита и социјални услуги од социјален работник, бесплатни услуги од јавни установи за социјална заштита, помош и нега во домот ги остваруваат по скратена постапка.
(2) Семејствата на жртвите на несреќата имаат право на едногодишна психосоцијална и правна поддршка.
(3) Начинот на остварување на правата и услугите од став (1) од овој член, образецот на барањето и документацијата за остварување на правата по скратена постапка го пропишува Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 15
Трудова поддршка

(1) Еден од родителите или старателите на малолетно повредено лице има право на привремено ослободување од работни обврски со платено отсуство за време на закрепнување на детето.
(2) Повредените лица во несреќата кои се вработени имаат право на приспособување на работното место, приоритетен пристап до обука и преквалификација и други поволности согласно овој и друг закон.

Член 16
Поволности за родители на повредените лица

(1) Родител или старател на повредените лице настрадано во несреќата има право на скратено работно време (најмалку за 50%) во период до 24 месеци по несреќата, флексибилно работно време, работа од дома, или други мерки во договор со работодавачот.
(2) Поволности од став (1) од овој член се однесуваат на вработени во јавниот и приватниот сектор.
(3) Државата ќе ги ослободи од плаќање придонеси работадавачите за оние вработени кои ќе ги користат поволностите од ставот (1) од овој член.

## ГЛАВА IV

## КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНКА И СЛЕДЕЊЕ НА ПОДДРШКАТА НА ПОВРЕДЕНИТЕ ЛИЦА И ЧЛЕНОВИ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

### Член 17
### Формирање и состав

(1) Комисија за проценка и следење на поддршката за настраданите се формира како стручно и независно тело.
(2) Комисијата со Одлука ја формира Владата на Република Северна Македонија и ја сочинуваат претставник на Министерството за здравство, претставник на Министерството за социјална политика, демографија и млади, претставник на Министерството за образование и наука, претставник на Фондот за здравствено осигурување, еден психијатар, еден пластичен хирург, еден претставник од здружение на граѓани со искуство во работа со трауми и претставник избран од семејствата на настраданите.
(3) Комисијата е составена од претседател и осум члена, со мандат од три години, со можност за уште еден последователен мандат.

### Член 18
### Начин на работа на Комисијата

(1) Комисијата се свикува редовно најмалку еднаш месечно, а по потреба може да одржи вонредни состаноци по повик на претседателот или на најмалку тројца членови.
(2) Одлуките на Комисијата се носат со просто мнозинство од вкупниот број членови. Во случај на еднаков број гласови, гласот на претседателот е одлучувачки.
(3) Комисијата може да формира стручни работни групи или подкомисии за посебни области (здравство, социјала, образование, рехабилитација), со вклучување на надворешни експерти и советници.
(4) Комисијата има постојан стручен секретаријат, кој ги извршува административните, техничките и логистичките задачи, обезбедува водење на евиденција, подготвува материјали за состанови и комуницира со засегнатите страни.
(5) Комисијата е обврзана да постапува непристрасно, етички и во најдобар интерес на настраданите лица и нивните семејства, со почитување на принципите на недискриминација, доверливост и почитување на човекови права.

### Член 19
### Надлежности на Комисијата

(1) Комисијата има надлежност да:
1. Изготвува индивидуални проценки за здравствена и рехабилитациска состојба на настраданите;

2. Го утврдува времетраењето и обем на потребната поддршка;
3. Дава мислења за одобрување финансиска и здравствена помош;
4. Води електронски регистар на досиеа на настраданите лица;
5. Ја следи реализација на правата и еднаквоста на пристап;
6. Поднесува извештаји до Владата и Собранието.

(2) Комисијата за проценка и следење на поддршката за настраданите лица и нивните семејство е стручно, координирачко и надзорно тело кое има за цел обезбедување правичен, итен и целосен пристап до правата утврдени со овој закон.
(3) Комисијата врз основа на став (1) од овој член:

1.Врши индивидуална проценка на здравствената, психолошката, образовната и социјалната состојба на секое лице погодено од несреќата, определува степен на повреда, потреба од рехабилитација, и времетраењето на поддршката, изготвува личен план за рехабилитација и закрепнување за секое лице.

2. Дава стручни мислења и препораки до надлежните институции за одобрување на финансиска поддршка, здравствени интервенции, образовни и трудови поволности, одлучува по барања што отстапуваат од стандардна процедура или вклучуваат интердисциплинарна проценка.

3. Ја следи примената на законот од страна на институциите, интервенира во случаи на одложување, дискриминација или недоволна услуга.

4. Води електронски регистар на сите настрадани лица, правата што ги користат, траењето и обемот на поддршката, обезбедува транспарентност и безбедност на личните податоци согласно законската регулатива.

5. Ја координира соработката меѓу Министерствата, Фондовите, локалните самоуправи, здравствени и образовни установи, и невладиниот сектор;

6. Подготвува и доставува тримесечни извештаи до Владата, Собранието и јавноста за спроведување на мерките;

7. Предлага измени и дополнувања на законската рамка базирани на стекнати искуства; Вклучува надворешни експерти при проценка на сложени случаи; Организира обуки за институциите што постапуваат по законот.

### Член 20
### Финансирање на Комисијата

Сите трошоци за работа на Комисијата се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## ГЛАВА V

## ПОСТАПКА, НАДЗОР И ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ
### Член 21
### Поднесување на барање за остварување на правата на настраданите лица и членови на нивните семејства

(1) Барањето за остварување на права по овој закон се поднесува во писмена или електронска форма до Комисијата.
(2) Барањето треба да содржи основни податоци за повредените лица или член на семејството во несреќата.
(3) Комисијата е должна да постапи по барањата во рок од 15 работни дена и да изготви Решение.

Член 22
Жалбена постапка

Против Решението на Комисијата од став (1) на членот 21 може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

Член 23
Надзор

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши Државниот инспекторат за труд, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државен просветен инспекторат и Министерството за социјална политика, демографија и млади.
(2) Комисијата доставува годишен извештај до Владата и Собранието.

Член 24
Преодни одредби

(1) Сите институции задолжени за спроведување на овој закон се должни во рок од 15 дена по влегување во сила на овој закон да воспостават постапки за спроведување на истиот.
(2) Владата е должна да ја формира Комисијата од членот 17 во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон.

Член 25
Проширување на примената на правата утврдени со овој закон се применуваат и на други несреќи кои се случиле на територијата на Република Северна Македонија или во странство

(1) Правата утврдени со овој закон се применуваат и на настраданите лица и членовите на нивните семејства во несреќите:
1. Автобуската несреќа кај село Ласкарци на 13 февруари 2019 година.
2.Пожарот во модуларната болница во Тетово на 8 септември 2021 година;
3. Автобуската несреќа на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на 23 ноември 2021 година;
(2) Настраданите лица и нивните семејства од ставот (1) на овој член имаат право на финансиска, здравствена, социјална и трудова поддршка, под исти услови и во ист обем како и настраданите лица и членовите на нивните семејства на кои им се применуваат одредбите од овој закон.

(3) Министерствата надлежни од областа на здравство, внатрешни работи, транспорт и врски, социјална политика, демографија и млади и други релевантни институции се должни да соработуваат со Комисијата од наведените несреќи и да ги известат за нивните права.
(4) Остварувањето на правата од овој член се врши со поднесување на барање до Комисијата согласно член 20 од овој закон, во рок од 3 месеци по влегувањето во сила на законот.
(5) Доколку некое лице или семејство веќе има остварено право на помош по друг основ, има право на исплата на разликата до висината утврдена со овој закон.

Член 26
Стапување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за поддршка на настраданите во несреќата во дискотеката во Кочани и на члновите на нивните семејства содржи 26 члена.

Со член 1 се регулира предмет на законот каде се утврдува обемот на примена на законот. Прецизно се наведува дека законот се однесува на последиците од несреќата што се случила на 25 март 2025 година во дискотеката во Кочани. Ова е важно за да се спречи правна нејаснотија и да се ограничи имплементацијата само на конкретниот настан.

Со член 2 се регулираат цели на законот каде се наведуваат целите на законот кои се состојат од поддршка на настраданите лица и нивните семејства, обезбедување психосоцијална и здравствена заштита, финансиска подршка, социјална инклузија и институционална координација.

Со член 3 се дефинираат термините употребени во овој закон како што се дефиниции за „настрадано лице“, „повредени лица“, „преживеани лица“, „семејства на настраданите лица“ и други поими. Ова овозможува прецизна примена на законот и спречување на произволно толкување. Терминолошката јасност е од суштинско значење за правната сигурност.

Членовите 4 до 9 се предвидени начелата на законот: начело на човечко достоинство, начело на еднаквост и ндискриминација, начело на итност, начело на холистички пристап, начело на транспаренстност и очетност и начело на учество.Овие начела се клучни за имплементација, особено при проценки, распределба на средства и постапки пред институции. Истовремено, начелата ја зголемуваат јавната доверба во законските механизми.

Од член 10 до 16 се однесуваат на видови на поддршка. Во овие членови детално се класифицираат формите на поддршка – од еднократна парична помош до психосоцијални и здравствена, образовна, социјална и трудова подршка.Ова овозможува сеопфатен пристап во поддршката, според конкретните потреби на погодените, вклучувајчи ги и родителите на настраданите лица.

Со член 17 се уредува формирањето на посебна Комисија што ќе раководи со процесот на утврдување на правата и распределба на поддршката. Комисијата претставува оперативно тело со стручна и институционална легитимност. Нејзината структура гарантира вклучување на претставници од министерство за здравство, образование, социјална политика, демографија и млади.

Со член 18 се наведуваат надлежностите на Комисијата кое има за цел обезбедување правичен, итен и целосен пристап до правата утврдени со овој закон.

Со член 19 се регулира работењето на Комисијата, начинот на свикување на состаноци како и обврската на Комисијата да постапува непристрасно, етички и во најдобар интерес на настраданите лица и нивните семејства, со почитување на принципите на недискриминација, доверливост и почитување на човекови права.

Со член 20 се пропишува дека средствата за поддршка на настраданите ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Со членовите 21 до 25 се воспоставува механизми за следење, надзор и известување за спроведувањето на мерките. Тоа е важно за јавна отчетност и транспарентност, но и за евалуација на ефикасноста на поддршката. Преку годишни извештаи и обврска за јавна објава, се зајакнува довербата во институционалниот систем. Се предвидува и проширување на примената на правата на други несреќи ко кои се случиле на територијата на Република Северна Македонија или во странство каде се утврдуваат правата на настраданите лица од овие несреќи со овој закон да се применуваат и на настраданите лица и членовите на семејствата на настраданите лица во несреќи и жртви на несреќата кои се случиле на територијата на Република Северна Македонија или во странство, доколку се работи за македонски државјани: автобуската несреќа кај село Ласкарци на 13 февруари 2019 година. пожарот во модуларната болница во Тетово на 8 септември 2021 година и сообраќајната несреќа со автобус на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на 23 ноември 2021 година;

Со член 26 се предвидува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложениот закон е структуриран како целосен и функционално поврзан систем од цели преку мерки, надлежности за спроведување на тие мерки.Начелата на транспарентност и отчетност се пренесуваат преку надлежностите на Комисијата која води регистар, врши проценки и ги известува институциите. На овој начин се обезбедува вертикална и хоризонтална поврзаност помеѓу сите инволвирани сектори.

Институционална интеграција обезбедува меѓусекторска координација.

Предлог законот предвидува и правна рамка за идни случаи.Со проширена примената на законот и на други слични несреќи, ова е системски логично продолжување на вредностите и начелата и прави мост меѓу индивидуалната трагедија и долгорочната политика на државата.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното законско решение претставува важен чекор кон создавање одржлив систем за финансиска и социјална помош и здравствената, образовната и трудовата подршка во согласност со европските стандарди и добрите практики од регионот.

Предложените решенија во Законот за поддршка на настраданите од несреќата во дискотеката во Кочани имаат бројни правни, економски, социјални и институционални последици. Овие последици се позитивни, со цел да се обезбеди комплетна и одржлива поддршка на настраданите лица и нивните семејства со што ќе се подобри животниот стандард преку финансиска, здравствена и психолошка поддршка. Преку финансиската подршка ќе се поттикне стабилноста и повторна интеграција на пазарот на труд. Од правен аспкет ќе се обезбедат јасни и достапни механизми за остварување на правата со што ќе ја зајакне довербата во институциите и ќе се подобри координацијата и ефикасноста во спроведувањето на мерките. Предлог законот дополнително ќе придонесе за градење култура на солидарност и колективна одговорност во општеството.